Врз основа на член 75 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија и член 23 од Законот за Здруженија и Фондации (Сл. весник на Република Македонија бр. 52/10), Собранието на Македонското фармацевтско друштво на седницата одржана на 29.04.2011 година, донесе:

# С Т А Т У Т
# НА МАКЕДОНСКОТО ФАРМАЦЕВТСКО ДРУШТВО

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат: називот, седиштето, дејноста и задачите на Македонското фармацевтско друштво (во натамошен текст Друштво), правата и обврските на членовите на друштвото, организацијата и управувањето, начинот на обезбедување на средства за работа и други прашања значајни за работата на Друштвото.

### Член 2

Друштвото е општествена организација на фармацевтите на подрачјето на Република Македонија. Членувањето во Друштвото е чест и морална обврска на фармацевтите, кои живеат и работат во Р.Македонија.

### Член 3

Друштвото има својство на правно лице.

Името на друштвото е: МАКЕДОНСКО ФАРМАЦЕВТСКО ДРУШТВО.

Седиштето на Друштвото е во Скопје ул. „Маршал Тито" бр. 13 Б стан 8, печатот на Друштвото е тркалезен(со пречник од 3,5см.) во средина го има екслузивниот знак (чаша обвиткана со змија), а наоколу стои текстот: Македонско фармацевтско друштво.

## II ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО

### Член 4

Друштвото се занимава со стручни прашања и учествува во организирањето и извршувањето на едукацијата на своите членови. Друштвото, по потреба, врши и издавачка дејност. Друштвото соработува со разни културни и општествени организации. Друштвото соработува и се зачленува во разни фармацевтски односно медицински меѓународни организации во согласност со позитивните законски прописи и меѓународни конвенции. Друштвото соработува со домашни и меѓународни асоцијации, здруженија, комори, државни органи...

### Член 5

Друштвото сестрано го следи развојот на севкупното здравство и во врска со тоа и фармацевтската дејност во Републиката и се грижи за нивниот развиток по пат на покренување иницијативи и сугестии во решавањето на проблемите од таа област.

### Член 6

Македонското фармацевтско друштво:

- ја усогласува, потикнува и насочува работата на своето членство;
- ја остварува Програмата на Друштвото;
- се грижи за планско стручно усовршување на членството и за организирање конгреси, симпозиуми, стручни советувања и состаноци и сл.;
- се грижи за правата и обврските на членството што произлегуваат од овој статут, Законот и другите општи акти.;
- соработува со фармацевтската комора на Македонија на сите полиња од заеднички интерес на фармацевтите, со државните органи, хуманитарни организации и други сродни институции;
- се грижи и го следи развојот на здравството и соработува со научни и високообразовни институции;
- врши издавачка дејност заради стручна едукација на членството;
- ја негува и развива етиката на фармацевтската професија, во согласност со Кодексот на фармацевтската деонтологија;
- се грижи за организирање и спроведување на континуирана едукација и доживотно учење, кои се од интерес за фармацевтската професија; и
- води евиденција на своето членство.

## III. ЧЛЕНСТВО

Член 7

Редовен член на Друштвото може да стане секој фармацевт државјанин на Р.Македонија, кој со потпишување на пристапница ќе изрази желба за членување во Друштвото, ќе го прифати овој Статут и редовно ќе плаќа членарина.

Член 8

Почесен член на Друштвото може да стане секој фармацевт, научен и просветен работник и друг граѓанин на Р. Македонија како и странски државјанин кој придонел за развојот на фармацевтската струка и здравственото воспитување на граѓаните, или на друг начин дал придонес во работата и афирмацијата на Друштвото.

Член 9

Добротвор (донатор) на Друштвото може да биде секој граѓанин на Р. Македонија или странски граѓанин кој на друштвото ќе му завешта подвижен, неподвижен имот или парични средства.

Одлука за станување на добротвор на Друштвото донесува Собранието, а на предлог на Управниот одбор.

Член 10

Права и должности на членот на Друштвото се:

- да се вклучува во сите облици на дејноста на Друштвото;
- да ги ужива сите погодности што ги обезбедува Друштвото;
- да добива стручно списание и во него да може да објавува;
- да се грижи за своето однесување и со тоа да придонесува за сопствениот углед и угледот на Друштвото, придржувајќи се кон Кодексот на фармацевтската деонтологија;
- да избира и да биде биран во органите на Друштвото;
- да учествува или да присуствува на конгресите и другите стручни манифестации што ги организира Друштвото;
- да дава мислења и предлози до органите на Друштвото за нивната работа и за навремено и квалитетно извршување на задачите; и
- редовно да плаќа членарина.

Член 11

Членството во Друштвото престанува:

- Со писмена изјава на членот дека истапува;
- со исклучување од членството со одлука на надлежен орган во Друштвото;
- поради неплаќање на членарина последователно во тек на 6 месеци, а по претходна опомена; и
- поради смрт на лицето;

Член 12

Со друштвото управуваат членовите на истото непосредно, или преку избраните претставници во органите и телата на друштвото.

## IV. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО, ИЗБОРОТ И НАЧИНОТ НА НИВНАТА РАБОТА

Член 13

Органи на друштвото се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Претседател; и
- Надзорен одбор;

За својата работа останатите органи на Друштвото се одговорни пред Собранието.

Мандатот на органите на Друштвото трае 4 години, со можност членовите на органите да бидат повторно избрани.

Член 14

Изборот за претседател на Собранието и негов заменик, претседател на Друштвото и негов заменик, и за членовите на Управниот одбор е јавен, а истиот може да биде и таен до колку така одлучат повеќето членови на Собранието.

Член 15

Доколку Предлогот на Работното претседателство не биде усвоен тогаш ќе се предлагаат кандидати за органите на Друштвото од страна на членовите-претставници на Собранието.

Секој член на Собранието има право да даде предлог само за еден кандидат и на седницата можат да се предлагаат онолку кандидати колку се избираат.

По извршеното предлагање се врши гласање за секој предложен кандидат поединечно и за избран ќе се смета кандидатот кој добил гласови повеќе од половината присатни членови-претставници на седницата.

Член 16

Ако членовите-претставници на Собранието, на седницата одлучат за членови на органите на Друштвото да предлагаат повеќе кандидати од потребниот број кој се избира, тогаш изборот се врши така што ќе се гласа за секој предложен

кандидат по редоследот на предлагањето, а за избран ќе се смета оној кандидат кој добил повеќе од половината гласови од присатните членови на седницата. Изборот се повторува се додека конечно за поединиот кандидат не се добие потребниот број на гласови.

Потврдувањето на изборот на членови на органите на Друштвото се врши со одлука и истата им се доставува на именуваниот и архивата на Друштвото.

***1.СОБРАНИЕ***

Член 17

Собранието е највисок орган на Друштвото.

Собранието брои 30 членови-претставници. Секоја изборна единица делегира по 3 члена, а изборната единица Скопје 9 члена.

Изборите за членови-претставници во Собранието се вршат на начин и постапка утврдена со посебен Правилник кој го донесува Собранието на предлог на Управниот одбор на Друштвото со мандат од 4 години.

Член 18

Собранието работи на седници.

Собранието по правило одржува седница најмалку еднаш годишно.

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по претходно писмено барање на една третина од членовите на Друштвото.

Член 19

Собранието има претседател и заменик претседател избрани од постојаниот состав на Собранието.

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието, а во негово отсуство заменик претседателот и тоа по сопствена иницијатива, на иницијатива на претседателот на Друштвото, управниот одбор, или по претходно писмено барање од една третина од членовите на Друштвото.

Член 20

Редовна седница на Собранието се свикува најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржување на истата, додека во итни или оправдани причини може да биде закажана и во пократок рок.

Вонредна седница на Собранието доколку се свикува по писмено барање на една третина од членовите, се одржува најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од поднесување на барањето.

Член 21

Во поканата за одржување на Собранието се наведува дневниот ред, часот и местото на одржување на седницата.

Дневниот ред за Собранието го составува претседателот на Собранието заедно со секретарот на Друштвото кој ги врши административно-техничките припреми за седницата.

Со поканата за седницата на Собранието се доставуваат и материјалите од дневниот ред.

Член 22

Седницата на Собранието ја води претседателот или неговиот заменик.

На седницата на Собранието присуствува и претседателот на Друштвото во својство на известувач по поедини точки од дневниот ред, и тој активно учествува на седницата давајќи свои предлози и мислења но без право на одлучување.

Член 23

Собранието може полноважно да работи доколку на него присуствуваат повеќе од половината членови-претставници на Собранието.

Собранието своите одлуки, заклучоци и препораки ги донесува со повеќе од половината присутни членови-претставници на седницата кои гласале ЗА.

Член 24

За работи кои се однесуваат на:

- донесување на Статутот или негови измени и дополнувања;
- за распуштање на Друштвото; и
- за изгласување на недоверба на претседателот на Собранието, претседателот на Друштвото или на Управниот одбор, Собранието може да работи доколку на седницата се присатни две третини од вкупниот број членови-претставници на Собранието, а одлука за тоа се носи со двотретинско мнозинство од присатните членови.

Член 25

За изгласување недоверба на носителите на функциите од претходниот член потребно е да се достави предлог со образложение, потпишано од најмалку 25 членови-претставници на Собранието.

Член 26

По изгласаната недоверба на еден од лицата односно органот опишани во член 24 од овој Статут, на истата седница се врши нивен избор на начин и постапка како на претходниот избор.

Член 27

На седницата на Собранието се води записник од секретарот на Друштвото или од лице кое за таа цел ќе го определи претседателот на Собранието.

Записникот го потпишуваат записничарот и претседателот на Собранието и истиот се дава на усвојување на наредната седница.

Член 28

Собранието донесува:

- Статут и други општи акти;
- ги разгледува и решава по извештаите на Управниот одбор и неговите работни тела;
- избира и разрешува органи на Друштвото;
- избира почесни членови и добротвори на Друштвото;
- донесува годишна програма за работа на Друштвото;
- го усвојува извештајот за завршната сметка и донесува финансов план, и врши надзор на финансиското и материјалното работење на Друштвото;
- одлучува за распуштање на Друштвото;
- доделува пригодни признанија и плакети;
- учествува и за таа цел формира работни тела, доколку е тоа потребно, за давање конкретни предлози и решенија при донесување на закони и други прописи кои се од посебен интерес на професијата односно од областа на здравството и здравствената заштита;
- формира комисии и други работни тела спрема потреба; и
- врши и други работи за кои постои посебен или општ интерес.

## *2.УПРАВЕН ОДБОР*

Член 29

Управниот одбор на Друштвото е раководен, а особено извршен орган на Собранието.

Управниот одбор го сочинуваат седум членови и тие се избираат од редовите на членството на Друштвото со мандат од 4 години, со можност членовите на органите да бидат повторно избрани.

Член 30

Претседателот на Друштвото, по функција, е член и претседател на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор има свој заменик, кој во одсуство на претседателот ги има сите права и должности на претседател.

Член 31

Управниот одбор работи на седница.

Седниците ги свикува Претседателот или неговиот заменик или по иницијатива на една третина на членовите на Управниот одбор.

Член 32

Седницата може полноважно да се одржи ако на неа се присатни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се донесуваат и се полноважни ако за одлуката гласале повеќе од половината од присатните членови на седницата.

За определени прашања, доколку така одлучи Управниот одбор, може да се одлучува со двотретинско мнозинство на Управниот одбор.

Член 33

За работата на седницата се води записник. Записникот го води лицето кое ги врши административно-техничките работи на Друштвото.

Записникот го потпишуваат записничарот и претседателот на Управниот одбор и истиот се дава на усвојување на наредната седница.

Член 34

Во делокругот на правата и обврските на Управниот одбор спаѓа:

- да ги извршува одлуките на Собранието;
- ја организира и води работата на Друштвото меѓу две собранија;
- се грижи за остварување на програмата за работа на Друштвото;
- формира постојани и времени комисии и други работни тела за вршење на определени задачи, го определува нивниот состав и начин на работа;
- го води финансиското работење;
- управува со имотот на Друштвото;
- подготвува општи и други акти кои се однесуваат на работата на Друштвото и истите како предлози ги доставува на Собранието на усвојување;
- може да издава стручно гласило или списание и за таа цел да формира издавачко-редакциски одбор;
- организира разни форми на едукација на своето членство;
- остварува соработка со други асоцијации во земјата и во странство;
- ги усвојува периодичните и завршната сметка на Друштвото;
- врши надзор врз работата на стручните и административните работници во Друштвото;
- одлучува за вработување и престанок на работата на работници во стручната служба на Друштвото;
- одлучува за платата на работниците од стручната слу'ба на Друштвото; и
- врши и други работи во согласност со овој статут и други прописи.

### *3. ПРЕТСЕДАТЕЛ*

Член 35

Претседателот на Друштвото :

- го застапува и претставува Друштвото;
- ја свикува и води седницата на Управниот одбор;
- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и препораките на Управниот одбор и Собранието на Друштвото;
- ги потпишува општите и поединечните акти на Друштвото;
- ги потпишува финансиските документи, и потписник е на жиро сметката на Друштвото, а покрај него како потписник со исти права и обврски може, со одлука на Управниот одбор, да биде и заменик претседател на Друштвото;
- врши и други работи во согласност со овој Статут и други прописи.

***4. НАДЗОРЕН ОДБОР***

Член 36

Надзорниот одбор на Друштвото има претседател и два члена кои ги избира Собранието од редот на членовите на Друштвото.

Надзорниот одбор врши надзор над:

- користење на средствата на Друштвото и целокупното материјално и финансиско работење на Друштвото;
- извршување на обврските на членовите на Друштвото; благајничко работење;
- книгите и актите кои се однесуваат на материјалната добивка и на имотот на друштвото; користење-то на средствата за работа на стручната служба на Друштвото;
- Други работи определени со овој статут и акти на Друштвото;

Член 37

Надзорниот одбор носи извештаи, заклучоци и препораки и истите ги доставува на разгледување на Управниот одбор и Собранието на Друштвото.

За својата работа Надзорниот одбор е одговорен пред Собранието на Друштвото.

Член 38

Надзорниот одбор работи на седници за што се изготвува записник. Своите одлуки ги донесува со јавно гласање и со мнозинство на гласови.

## V. СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Член 39

Административната служба ја сочинуваат стручен, административен и помошен персонал.

Со стручната служба раководи претседателот односно Управниот одбор на Друштвото.

Службата од претходниот став врши стручни, административни и помошни работи кои се од делокругот на работа на Управниот одбор и Собранието на Друштвото и тоа:

- припрема работни материјали за седниците и органите на Друштвото;
- доставува материјали, известувања, и службена преписка со трети лица
- и сл.
- ги води административно-финансиските работи;
- изготвува периодична и завршна сметка на Друштвото;
- врши и други работи од тековното работење и по барање на раководните лица на органите на Друштвото и во согласност со законот и други прописи.

За својата работа, стручната служба директно е одговорна пред претседателот и Управниот одбор на Друштвото.

Член 40

Платата и другите права и должности од работниот однос, на вработените во стручно-административната служба се утврдуваат во согласност со законот, колективниот договор и актите на Друштвото.

## VI. СТЕКНУВАЊЕ НА ИМОТОТ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВОТО

Член 41

Друштвото може да стекнува парични средства, хартии од вредност, инвентар и друг подвижен имот во согласност со законските прописи. Со своите средства Друштвото располага самостојно и во согласност со законот и општите акти на Друштвото .

Член 42

Средствата за работа на Друштвото се обезбедуваат преку уписнини и членарина што ги плаќаат неговите членови, од надомест на услуги што ги врши Друштвото, од подароци, спонзорства, завештанија и од други извори.

Висината на членарината како и за начините и роковите на нејзиното плаќање ги утврдува Собранието на Друштвото, а по предлог на Управниот одбор.

## VII. СОРАБОТКА НА ДРУШТВОТО

Член 43

Друштвото соработува со комори, институции, државни органи и со други меѓународни организации и здруженија од областа на здравството.

Соработката се остварува со непосредни контакти, со размена на информации, публикации и други форми преку организирање на конгреси, семинари, советувања и сл.

Член 44

Друштвото соработува со органите на Р. Македонија, а особено при утврдувањето на развојната и економска политика, при покренување на иницијативи за донесување на закони и други прописи. Исто така соработува со здравствени организации, научни установи, здруженија на граѓани и др. институции од областа на здравството и здравствената заштита.

## VIII. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО

Член 45

Друштвото обезбедува јавност на своето работење,со давање на информации за својата работа, со соработка со средствата за јавно информирање, со издавање на свое гласило и други форми.

Член 46

По потреба Друштвото издава периодичен билтен, стручно списание, прегледи и друго,преку кои навреме ги информира своите членови и јавноста за тековното работење.

Член 47

Лицето кое е овластено за претставување на Друштвото или друго овластено лице кое дава информации за јавноста е одговорно за нивната вистинитост и точност.

Член 48

Друштвото ги определува документите и податоците што претставуваат тајна и чие неовластено соопштување би било спротивно на интересите на Друштвото.

## IX. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО СОЈУЗИ И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 49

Друштвото со одлука на Собранието може да се здружува со други Друштва и во Сојузи, како и да се зачленува во меѓународни организации.

## X. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член 50

Друштвото може да престане да постои со:

- одлука на Собранието на Друштвото доколку за неа гласале двотретинско мнозинство од неговите членови-претставници;
- закон.

Во случај на престанок на работа на Друштвото, целокупниот негов имот се става во мирување.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на Друштвото, а помеѓу две Собранија ова право го има Управниот одбор на Друштвото.

Член 52

Измени и дополнувања на Статутот се врши по иста постапка како и при неговото донесување.

Член 53

Овој Статут стапува на сила истиот ден од неговото донесување.

Член 54

Со донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот донесен на 20.11.1998 год.

МАКЕДОНСКО ФАРМАЦЕВТСКО ДРУШТВО
Претседател на Собрание